Врз основа на член 487 и член 490 од Законот за трговските друштва и член 36 од Правилата за котација, Управниот одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје на седницата одржана на ден 02.03.2023 година, ја донесе следната

# ПРЕДЛОГ ОДЛУКА
за утврдување на датуми при исплата на дивиденда за 2022 година
(дивиденден календар)

Член 1

Согласно Одлуката за употреба и распоредување на нето добивката остварена по годишната сметка за 2022 година, на акционерите им се исплатува дивиденда за 2022 година во висина од 441,00 денари нето, односно 490,00 денари бруто, за една акција.

Дивидендата ќе биде исплатена во готово на трансакциските сметки на акционерите.

Член 2

Последен датум на тргување со право на дивиденда за 2022 година е 18.04.2023 година.

Член 3

Прв датум на тргување без право на дивиденда за 2022 година е 19.04.2023 година.

Член 4

Датум на стекнување на право на дивиденда за 2022 година е 20.04.2023 година.

Член 5

Исплата на дивидендата за 2022 година ќе започне од 17.05.2023 година.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

АЛКАЛОИД АД Скопје
Управен одбор
Претседател
Живко Мукаетов

**Образложение**

Управниот одбор на Алкалоид АД Скопје на седницата одржана на ден 02.03.2023 година донесе Предлог-Одлука со која му предлага на Собранието на акционери исплата на дивиденда за 2022 година во износ од 490,00 денари бруто, односно 441,00 денари нето по акција, што во однос на исплатената дивиденда по акција за претходната година од 440,00 денари бруто, односно 396,00 денари нето е поголема за 11,36% на нето основа.